# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## Општина Гази Баба

02 јуни 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 9



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/1**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година, бр.02-78/5 од 09.05.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ПРВОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година, бр.02-78/5 од 09.05.2025 година, донесена од управниот одбор на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-6058/3**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/2**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20-б став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.143/19, 14/20 и 208/24), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.01-77/1 од 08.04.2025 година, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-78/3 од 09.05.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГ - ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година, бр.01-77/1 од 08.04.2025 година, предложен од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со одлука бр.02-78/3 од 09.05.2025 година.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува в.д.директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, по влегување во сила на оваа одлука, да го донесе Годишниот план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година и во законски определениот рок да го достави на мислење до Министерството за јавна администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6058/4**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД И МЕРКИ ЗА НЕЈЗИНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6323/3**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за комуналните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.302/20, 255/24, 3/25 и 17/25), член 15 став (1) точка 4 од Законот за градот Скопје (''Службен весник на РМ'' бр.55/04 и 158/11), член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

# О Д Л У К А

# ЗА КОМУНАЛЕН РЕД И МЕРКИ ЗА НЕЈЗИНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се уредуваат односите и начинот на вршење комуналните дејности меѓу давателите и корисниците на услугите на подрачјето на Општина Гази Баба и мерките за нејзино спроведување.

### Член 2

Под комунален ред во смисла на оваа одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начинот на вршење на комунални дејности меѓу давателите на услугите и корисниците на услугите во следните комунални дејности:

1. Собирање и транспортирање на комунален отпад и други видови на неопасен отпад;
2. Одржување и користење на јавни зелени површини на како и зелени површини на индивидуални и колективни објекти за домување и зеленило пред комерцијални објекти на територија на Општина Гази Баба;
3. Одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Одржување и користење на јавен простор за паркирање;
5. Одржување на комунални уреди;
6. Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина и пчелни семејства и услови за чување на домашни миленици во урбани средини;
7. Одржување и чистење на отворени отводни канали; и
8. Отстранување на противправно поставени и оставени предмети.

### Член 3

(1) Јавни површини во смисла на оваа одлука се:

- јавни сообраќајни површини (улици, коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, јавни паркиралишта, плоштади, шеталишта, надвозници, подвозници, скалила што поврзуваат јавни сообраќајни површини, мостови, такси стојалишта, стојалишта на јавниот градски превоз и слични површини);
- јавни зелени површини (паркови, дрвореди, живи огради, тревници, цветни површини, детски игралишта, зелени површини покрај улиците, покрај станбените

објекти и покрај јавните објекти, спортско рекреативните и други слични површини).

(2) Одредбите на оваа одлука се однесуваат и на други површини определени со оваа одлука.

**Член 4**

(1) Комуналните дејности од член 2 на оваа одлука можат да ги вршат надлежните служби на Општина Гази Баба, јавните претпријатија основани од Градот Скопје и Општина Гази Баба како и други домашни и странски физички и правни лица овластени од Општината и од Градот Скопје, согласно Законската регулатива (во понатамошниот текст: даватели на услуги). Давателите на услуги се должни да обезбедат трајно и квалитетно вршење на комуналните дејности, како и одржување на објектите и опремата на комуналната инфраструктура во функционална состојба.

(2) Корисници на услугите во смисла на оваа Одлука се сите домашни и странски физички и правни лица кои ги користат услугите, објектите, опремата и површините во сферата на комуналните дејности на подрачјето на Општина Гази Баба.

(3) Корисниците на услугите се должни да се придржуваат на одредбите од оваа Одлука заради непречено и функционално вршење на овие дејности кои се од јавен интерес.

1. **Управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад**

**Член 5**

(1) Под управување со комунален отпад и други видови на неопасен отпад се подразбира селектирање, собирање, транспортирање и преработка на комуналениот отпад од населението и индустријата, негова рециклажа, депонирање на легални депонии.

(2) Комунален отпад е отпадот што се создава во секојдневниот живот и работа во станбени, дворни, деловни и други простории и површини и тоа: отпад што се создава во домакинства, отпадоци од храна, градинарски, овошни и други земјоделски производи и останат отпад од домакинствата.

(3) Комунален отпад е неопасниот отпад што се создава од физичките лица во домаќинствата. Комерцијален отпад е секој друг отпад создаден од правни и физички лица при вршење на комерцијални, занаетчиски, услужни, административни и слични дејности, кои според својата природа или според својот состав е сличен на отпадот од домаќинствата.

(4) Преработка на отпадот се операциите утврдени со Законот за управување со отпадот, кои имаат за цел да се искористат употребливите материи и состојки на отпадот, а притоа ги опфаќаат постапките за повторно користење на отпадот, за рециклирање и за користење на отпадот како извор на енергија, исклучувајќи го горењето на отпадот заради негово дефинитивно одстранување.

(5) Отстранување на отпадот се операциите што обезбедуваат конечно решение за отпадот што не може повторно да биде употребен или преработен, а притоа не се загрозува животната средина, животот и здравјето на луѓето.

(6) Рециклирање на отпадот е добивање супстанции од отпадот (секундарни суровини) и нивно користење како замена за примарните суровини или

(7) Собирање на отпадот е збир од организирани дејности коишто опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

(8) Складирање на отпадот е организирана дејност за складирање на создадениот отпад во објекти коишто ги исполнуваат пропишаните услови за таа намена за период пократок од три години, доколку складираниот отпад е наменет за третман и за преработка, или за период пократок од една година, доколку отпадот е наменет за отстранување.

**Член 6**

Создавачите, односно поседувачите на отпадот се должни да го селектираат отпадот.

**Член 7**

(1) Селектираниот  отпад се остава на посебните места за собирање односно во посебни садови кои се поставуваат на јавните површини во формирани зелени острови за поставување на садовите за секој вид отпад.

(2) Останатиот отпад од домаќинствата се става во вреќи или во посебни садови за тој отпад и се остава на местата за собирање и селектирање на комуналниот отпад.

(3) Правните и физичките лица се должни да го одделат опасниот дел содржан во комуналниот отпад и да го остават на местата за собирање на опасниот дел од комуналниот отпад определени за таа намена.

**Член 8**

Отпадот од електрична и електоронска опрема како  и отпадните батерии, настанати од делови на расипани апарати од домаќинствата, кујнски прибор, санитарни уреди и слично се  депонираат на места предвидени за таа намена (собирни или рециклаторни центри). Поголемите апарати се предаваат на овластени постапувачи согласно Законот за електрична и електронска опрема и отпад електрична и елекстронска опрема и законот за батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори. Овој тип на отпад несмее да се меша со комуналниот отпад и забрането е да се депонира како комунален отпад.

**Член 9**

(1) Отпадот од домаќинствата треба да се собира само во типизирани садови (канти).

(2) Во кантите не смее да се става жар, врел пепел, течности, мртви животни, опасен отпад,  и слично.

(3) Кантите  за собирање на отпадот од домаќинствата ги набавува Градот Скопје и ги дистрибуира до  создавачите на отпадот согласно пропишани услови од страна на набавувачот.

**Член 10**

Кантите за секое семејство, се ставаат на определените места и отпадот  од нив  се подига во деновите и времето што ќе го одреди јавното претпријатие за комунални дејности или друго правно или физичко лице кое е овластено за  вршење на дејноста на собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 11**

(1) Отпадот од колективните згради се собира и во посебни садови за отпад - контејнери.

(2) Во контејнерите  не смее да се фрла жар, врел пепел, течности, мртви животни, опасен отпад и слично.

**Член 12**

Местата околу садовите за отпад мора да бидат во чиста и уредна состојба за кои се должни да се грижат собирачите на отпадот.

**Член 13**

(1) Создавачите на отпад должни се отпадот да го ставаат во садовите за отпад така да не се растура и да не го валка просторот околу садот. Кантите и контејнерите за отпад мораат да бидат затворени.

(2) Забрането е изнесување и вадење на отпад од кантите и контејнерите.

(3) При ставањето на отпадот од домаќинствата создавачот на отпадот е должен волуменски да го намали отпадот.

(4) Забрането е да се оневозможува пристап на возилото за отпад до местото на кое се наоѓаат садовите за отпад.

**Член 14**

(1) Кабастиот отпад (како делови од бела техника, метална амбалажа, делови од мебел, душеци, дрвена амбалажа, пластични гајби, и слично) не се дел од комуналниот отпад и за истите создавачот потребно е да организира депонирање преку овластено лице за собирање и транспортирање на ваков тип на отпад.

(2) Забрането е да се депонира кабаст отпад во контејнери за комунален отпад и до контејнери за комунален отпад.

**Член 15**

Се забранува:

1. Фрлање, складирање и чување на комунален отпад надвор од контејнерите, кантите за отпад или специјалните вреќи за отпад;
2. Фрлање и складирање во контејнерите и кантите за отпад на отпадоци кои не се сметаат за комунален отпад;
3. Фрлање во контејнерите жар и други запалени материјали, вода, киселина, моторни и разни други масла, отпад од електрична и електронска опрема, отпадни батерии и акумулатори, лекови и други штетни и опасни материи и опасен отпад;
4. Поставување и преместување на контејнерите и кантите за отпадоци надвор од локациите определени за таа намена;
5. Пребарување на отпад во корпите, кантите и контејнерите од страна на физички лица;
6. депонирање на кабаст отпад во контејнери за комунален отпад и до контејнери за комунален отпад;
7. Палење на отпадот во кантите и контејнерите;
8. Вршење на складирање, собирање и транспортирање на комунален отпад без поседување на дозвола; и
9. Истурање и фрлање на отпад во канализационите и во другите инфраструктурни системи и објекти.

**2. Одржување и користење на јавни зелени површини на како и зелени површини на индивидуални и колективни објекти за домување и зеленило пред комерцијални објекти на територија на Општина Гази Баба**

**Член 16**

Под одржување и користење на паркови, зеленило, се подразбира подигање, одржување и користење на зелени површини на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 17**

(1) Паркови се посебно уредени и озеленети површини во урбаните средини согласно усвоените урбанистички планови кои им служат на граѓаните за одмор и рекреација.

(2) Одржувањето и користењето на парковите е дејност што ја врши Град Скопје преку јавното претпријатие за таа цел (Паркови и зеленило) .

(3) Градот Скопје, согласно законски утврдените надлежности, е должен при одржување на зелените површини:

- да обезбеди чуварска служба;
- хортикултурно да ги уредува површините во просторот на парковите;
- редовно да ја одржува јавната чистота во парковите;
- редовно да ги одржува патеките и просторот наменет за шеталишта;
- да ја одржува во исправна состојба урбаната опрема на зелените површини;
- редовно засадување, одржување и наводнување на зелените површини;
- да постави корпи за отпадоци и друга урбана опрема и нивно редовно одржување;
- да обезбеди фитосанитарна заштита на зелените површини; и
- редовно кастрење на ниските гранки заради безбедно шетање по парковите.

**Член 18**

(1) Под зеленило во смисла на оваа одлука се подразбираат јавното зеленило и останаато зеленило.

(2) Под јавно зеленило се подразбира Парк, Парк-Шума, Зелен плоштад, дрворед, зелен коридор, заштитно зеленило, неуредено зеленило и друго зеленило на јвни отворени простори.

(3) Под останати зелени површини во смисла на оваа одлука се подразбираат зелените површини покрај улиците,плоштадите, културно - историските споменици, јавните паркиралишта, рекреативните површини, детските игралишта,спортските терени, гробиштата и дворните места на јавните објекти на општината, дворни места на објекти за домување.

**Член 19**

(1) Одржувањето на зелените површини опфаќа:

- подигање , садење, одгледување и обновување на зелените површини;
- заштита на зелените површини од оштетување, болести и штетници;
- чистење на озеленетите површини; и
- одржување и чистење на патеките на озеленетите површини.

(2) Одржувањето на јавните зелени површини го врши јавното претпријатие Паркови и зеленило врз основа на годишна програма донесена од страна на Советот на Град Скопје.

**Член 20**

Сечење на дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини може да се врши на начин и под услови кои се утврдени со Законот за комунални дејности, а по добиено одобрение од страна на надлежните служби на Градот Скопје.

**Член 21**

Постапката и условите под кои може да се сечат дрвја, грмушки и живи огради во зелените површини поблиску ги утврдува надлежната служба на Град Скопје.

**Член 22**

(1) Дворните места на колективни и индивидуални станбени објекти, како и местата/површините што се наоѓаат внатре или меѓу станбен или деловен блок или меѓу објекти мораат да се одржуваат во уредна и чиста состојба.

(2) За уредност и одржување на чистотата на местата од ставот (1) на овој член се грижи сопственикот односно корисникот на дворот, односно сите сопственици и корисници на заедничкиот двор или места.

(3) Доколку местата не се одржуваат уредно и чисто, во согласност со одредбите од овој член, комуналните инспектори на Општина Гази Баба со решение ќе им наложат на лицата, во определен рок, да ги отстранат недостатоците утврдени на записник.

(4) Доколку лицата во определениот рок, не постапат според налозите на комуналните инспектори на Општина Гази Баба, утврдените недостатоци ќе ги отстрани соодветно јавно претпријатие или овластен субјект од Градот или Општина Гази Баба, на трошок на лицата кои не постапиле по наредба во решение.

**Член 23**

(1) Во јавните зелени површини и останатото зеленило забрането е:

- корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;
- било какво оштетување на зеленилото (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветни и тревни посеви и слично);
- собирање на плодови и цветови од дрвјата;
- копање и изнесување на земја, вршење на прекопи и слично;
- палење на оган и палење на стебла;
- фрлање и оставање на отпадоци надвор од местото определено за таа намена;
- истоварување и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на и покрај зелените површини;
- чување и пасење на добиток и живина;
- закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати на дрвјата;
- уништување и оштетување објекти, уреди, инсталации, комунална опрема, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично;
- минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид возила и нивно миење;
- кршење, оштетување или уништување на урбаната опрема како корпите за отпадоци, на чешмите, канделабрите и на други уреди и објекти што им служат на зелените површини;
- изведување на било какви други работи кои доведуваат до уништување на зелените површини;
- пуштање на отпадни води, киселини, моторно масло и секаква друга материја што предизвикува загадување;
- истоварување, оставање и складирање на разновиден материјал (огревно дрво, јаглен, отпадно дрво, железо, лим и слично);
- фрлање на отпадоци и други предмети во базените и фонтаните;
- газење по тревните површини во парковите;
- кинење на цвеќе;
- поставување на разни предмети на стеблата и гранките (светилки, носачи на жичани водови, орманчиња, скали и слично);
- истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуваат озеленетата површина.

(2) Правните и физичките лица се должни оградите од зеленило и останатото зеленило покрај јавните површини кои ги користат да ги држат уредни, за не пречат на видливоста на сообраќалницата и да не претставуваат опасност за минувачите.

(3) Оградите од украсно зеленило (жива ограда) покрај јавните сообраќајни површини мораат редовно да се одржуваат и најмалку два пати годишно да се режат, така да не се протегаат преку регулационата линија на јавната сообраќајна површина и да не сметаат на сообраќајот и пешаците.

(4) Дрвјата и гранките кои се надвиснати над оградите , на јавна или приватна површина, редовно да се кројат за да не пречат на видливоста на сообраќајот и на тротоарскиот дел за пешаците, како и да не се загрозува имотот на соседите.

**3. Одржување на јавно осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на Општина Гази Баба**

**Член 24**

Под одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на Општина Гази Баба се подразбира одржувањето на уличното осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, редовна замена на светлечките тела (светилки и арматури), чистење и боење на електричните столбови.

**Член 25**

(1) Јавните сообраќајни површини, пешачките и другите главни патишта на јавните зелени површини мораат да имаат јавно осветлување.

(2) Светлосните тела мораат да бидат функционални и естетски обликувани.

(3) Јавното осветлување мора редовно да се одржува во состојба на функционална способност.

(4) Јавното осветлување, по правило, мора да свети преку целиот ноќен период.

**Член 26**

За одржување на јавното осветлување Советот на Општина Гази Баба, на предлог на секторот за градежништво, комунални рабти и сообраќај, донесува Годишна програма за одржување на јавното осветлување на општината, во која е утврдена динамиката и обемот на одржувањето, како и потребните средства за одржување на јавното осветлување и потрошувачката на електричната енергија за јавното осветлување, прибраната такса од корисниците и бројот на корисниците.

**Член 27**

Секторот за градежништво, комунални рабти и сообраќај на Општина Гази Баба се грижи за спроведување на реализацијата на Годишната програма за одржување на јавното осветлување.

**Член 28**

(1) Заради исправно и целосно функционирање на јавното осветлување забрането е:

- самоволно приклучување на мрежата од улично осветлување;
- оштетување и уништување на светлосните тела и светлосните столбови;
- поставување огласи, известување, реклами и слично освен исклучиво со одобрение на одделението за комунални работи на Општина Гази Баба.

**4. Одржување и користење на јавен простор за паркирање**

**Член 29**

(1) Под одржување и користење на јавниот простор за паркирање се подразбира одржување на просторот за паркирање и објектите во него и давањето на соодветни услуги како и утврдувањето на начинот на неговото користење.

(2) Јавните паркиралишта мораат да се одржуваат чисти и уредни.

(3) На јавните паркиралишта забрането е да се врши било каква трговска дејност, да се врши утовар и истовар на стока,поставување на било какви столбчиња, рампи и други работи што не се во согласност со намената на јавниот простор за паркирање.

**5. Одржување на комунални уреди**

**Член 30**

Под одржување на комунални уреди се подразбира одржување на чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема.

**Член 31**

Јавните санитарни јазли можат да се градат на плоштади, пазари, во паркови, и слични места кои мораат да бидат опремени со соодветна опрема, да бидат уредни, исправни и да ги исполнуваат техничките и санитарни услови согласно законските и другите прописи.

**Член 32**

Заради функционалноста на намената на комуналните уреди забрането е:

1. Миење и перење на јавните чешми, фонтани;
2. Напојување на животни на јавните чешми, фонтани и водоскоци;
3. Кршење и оштетување на уредите и опремата;
4. Пишување на натписи, шарање или цртање на истите;
5. Фрлање и оставање на комунален отпад и друг вид на отпад на истите;
6. Загадување на водата во фонтаните; и
7. Поливање со било какви течности на комуналните уреди.

**Член 33**

Забрането е уништување на фасадите на зградите и по нив да се испишуваат пораки, известувања, да се црта, шара или на друг начин да се валкаат или нагрдуваат.

**6. Отстранување и чување на ситна и крупна стока и живина и пчелни семејства и услови за чување на домашни миленици во урбани средини**

**Член 34**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во границите на градежниот опфат-урбана средина, се забранува чувањето на секаков вид ситна и крупна стока, перјаста живина и пчелни семејства. Заради безбедноста на граѓаните, пчелните семејства не смеат да се постават на помалку од 1000 метри оддалеченост од градежниот опфат.

(2) Во руралните населени места на подрачјето на општината може да се чува добиток, пчелни семејства и перјаста живина на начин пропишан со посебните прописи за санитарно - здравствено и хигиенска заштита.

(3) Шталите во руралните населени места мора да бидат изградени одвоено од станбените објекти и да се оддалечени од соседите од најмалку 10 метри. Истите треба редовно да се одржуваат и чистат и да не се шири непријатна миризба.

(4) Шталскиот отпад треба да се собира на одалеленостод најмалку 10 метри од објектите на соседите и тоа во ограден и покриен простор најмногу до 2м$^3$ по што истиот редовно треба да се изнесува по нивите. Течниот дел (осоката) треба да се одведе во канализација или септичка јама.

(5) Фармите можат да бидат изградени на оддалеченост не помала од 1000 метри од градежниот опфат на градот.

(6) Забрането е колење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во општината.

(7) Се забранува задржување, напасување и хранење на ситна и крупна стока и живина на јавните и сообраќајните површини во општината.

(8) Не е дозволено чување и складирање на слама, во бали или во стогови како храна за добитокот, во градежниот опфат на градот, бидејки претставува потенцијален извор на пожар и гнездо за глодари и други заразни инсекти.

(9) Не е дозволено поставување на фолии и пластеници во дворните места на објектите во градежниот опфат поради нарушување на естетскиот изглед и ширење на непријатна миризба .

**Член 35**

(1) На подрачјето на општината, во градежниот опфат чување на гулаби е дозволено само во дворните места на индивидуалните станбени објекти.

(2) Гулабарникот треба да биде изграден од погоден материјал со бетонски под, поврзан со канализациониот систем и истиот постојано да се одржува во хигиенска состојба. Чувањето и одгледувањето на гулаби не смее да пречи во нормалното живеење на соседите.

(3) Доколку гулабите го пореметуваат нормалото живеење на соседите на било кој начин, надлежните инспекциски органи можат да наредат преместување на гулабарникот или забрана на чување и одгледување на гулаби.

**Член 36**

(1) На подрачјето на Општина Гази Баба во кругот на едно домаќинство може да се чуваат домашни миленици (кучиња, мачки, украсни птици и слично), под услов истите да бидат регистрирани во надлежната ветеринарна институција и редовно вакцинирани.

(2) Сопствениците на кучиња се должни своите кучиња да ги држат во сопствените дворни места. Објектот за чување на миленик мора да биде одалечен најмалку 3 (три) метри од најблискиот сосед или станбен или деловен објект за соседната парцела.

(3) Кучето може да се изведе надвор од дворното место само со кошница на устата и врзано со поводник.

(4) Сопственикот на домашните миленици е должен сместувањето и чувањето на истите да го уреди на начин што нема да пречи на мирот и спокојството на соседите.

(5) Забрането е чување на домашни миленици во заедничките простории на објектите за колективно домување

## II. КОМУНАЛЕН РЕД ЗА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**Член 37**

(1) Во населените места на подрачјето на општината во кои не е изградена канализација за отпадни води, отпадните води односно фекалиите се испуштаат задолжително во септички јами.

(2) Септичките јами не смеат да бидат отворени, треба да се бетонирани од горната страна и добро заштитени.Септичките јами треба да бидат оддалечени од станбените и деловните простории, односно објекти на соседите најмалку 10 метри, а од водоснабдителните објекти најмалку 15 метри.

(3) Доколку површината на просторот на дворните места е помала и не можат да се исполнат условите од претходниот став, септичките јами можат да бидат и на помало растојание оддалечени од објектите на соседите кое не може да биде помало од 6 метри .

(4) Септичките јами треба редовно и хигиенски да се одржуваат.

(5) Септичките јами не смеат да се празнат на јавните и сообраќајните површини, ниту во отворените канали за истек на атмосферските води.

(6) Во населени места каде има поставено водоводна и фекална канализациона мрежа, забрането е користење на септички јами.

**Член 38**

Чистењето на септичките јами треба да го врши давтел на услуга со специјални возила цистерни при што претходно се обезбедуваат санитарно - хигиенски мерки, а по извршеното чистење мора да се изврши дезинфекција на теренот околу септичката јама.

**Член 39**

(1) Чувањето на крупна и ситна стока и живина во населените места е дозволено само во посебно изградени санитарно - хигиенски објекти во сопствените дворови кои треба да бидат оддалечени од станбените објекти на соседите најмалку 10 метри и да бидат преземени сите санитарно - хигиенски и здравствени мерки.

(2) Пчелните семејства треба да бидат поставени на оддалеченост од најмалку 1000 метри од населеното место и најмалку 300 метри од објекти за домување

**1. Одржување и чистење на одводни отворени канали**

**Член 40**

Заради заштита на функционалноста на каналската мрежа забрането е:

- Затрупување на отворените одводни канали, шанци и ендеци;
- Поставување на цевки или изградба на пропусти без одобрение на Општина Гази Баба;
- Узурпирање на отворените одводни канали и превземање на дејствија кои би го попречувале функционирањето на мрежата;
- Испуштање на отпадни води од домаќинствата и индустриски отпадни води во отворените одводни канали, шанци и ендеци;
- Испуштање на отпадни води од септички јами и друг отпад во мрежата;
- Испуштање на нафта и нафтени деривати, разни масла и слично како и цврсти и течни запаливи и експлозивни материи;
- Фрлање на било какви предмети и отпадоци во отворените канали; и
- Испуштање на отпадни и фекални води во отворени дупки во своите дворови и надвор од нив.

**2. Отстранување на противправно поставени и оставени предмети**

**Член 41**

(1) Противправно поставени и оставени предмети во смисла на оваа одлука се предмети што без одобрение на Градоначалникот на Општина Гази Баба се поставени и оставени на јавни површини, објекти на комунална инфраструктура и урбана опрема,односно забрането е оставање и поставување на :

- Запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- Приколки и камп приколки;
- Колички за продажба на брза храна;
- Апарати за пуканки, крофнички, шеќерна волна и слично;
- Фрижидери за сладолед и пијалоци;
- Статични и подвижни тезги, корпи, гајби и друга амбалажа;
- Направи за печење и варење костени и пченка;
- Други апарати  или направи во функција на вршење на дејност;

- Реклами, патокази, плакати со огласи и соопштенија и слично;
- Бетонски/метални столбчиња и друг вид пречки и блокатори, жардињери и слично;
- Градежен материјал и отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- Мобилни тоалети;
- Стари апарати и предмети за домаќинства, санитарии, мебел; и
- Други слични предмети за кои инспекторот смета дека претставуваат пречка.

(2) Под отстранување на противправно поставени и оставени предмети во смисла на оваа одлука се подразбира нивно подигање, транспортирање и времено сместување и чување на посебно определен и уреден простор за таа намена.

(3) Работите од ставот (2) на овој член ги врши давателот на услугата односно Јавното комунално претпријатие ЈКП Гази Баба 2007 - Скопје или правно лице регистрирано за таа намена кое има склучено договор со Општина Гази Баба.

(3) Комуналниот инспектор на Општина Гази Баба писмено му наложува на сопственикот односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет, истиот да го отстрани во определен рок што неможе да биде подолг од 15 дена.

(4) Ако сопственикот ,односно корисникот не е познат, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба истакнува на предметот известување / опомена за обврската, рокот и натамошната постапка за отстранување на предметот.

(5) Сопственикот , односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет е должен во рокот определен од комуналниот инспектор на Општина Гази Баба или во рокот назначен во известувањето да го отстрани противправно поставениот и оставен предмет.

(6) Ако сопственикот, односно корисникот не го отстрани противправно поставениот и оставен предмет во определениот рок, отстранувањето го врши давателот на услугата по налог и во присуство на комуналниот инспектор на Општина Гази Баба, а за сметка на сопственикот, односно корисникот на противправно поставениот и оставен предмет. За таа цел инспекторот изготвува записник за извршен инспекциски надзор, решение и налог за извршување.

(7) За непочитување на одредбите од овој член, на сопственикот / корисникот на предметот, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба или комуналниот редар ќе му изрече глоба во согласност со Законот за комунални дејности.

## III. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМУНАЛЕН РЕД ВКЛУЧУВАЈЌИ И НАДЗОР

### Член 42

(1) Мерките за спроведување на комуналниот ред за вршење на дејностите од член 2 на оваа одлука се утврдуваат со посебни програми за секоја дејност поодделно во рамките на условите утврдени со оваа одлука.

(2) Програмите од ставот (1) на овој член ги донесува Советот на Општина Гази Баба.

### Член 43

(1) Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа одлука вршат општински комунални инспектори и комунални редари.

(2) Надлежните општински инспектори вршат инспекциски надзор над физичките и правните лица кои постапуваат спротивно на оваа одлука.

(3) Комуналните редари имаат надлежност за вршење надзор над спроведување на оваа одлука од страна на физичките лица.

**Член 44**

(1) За извршениот инспекциски надзор, односно утврдената состојба и преземените мерки од надзорот, надлежните општински инспекциски органи се должни да состават записник за извршен инспекциски надзор и да го достават на физичкото и правното лице каде што се врши инспекција.

(2) Ако при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторен прекршок се изготвува прекршочен платен налог со рок за плаќање од 8 дена од денот на приемот на прекршочниот налог.

(3) Доколку не се изврши уплата на прекршочниот налог, комуналниот инспектор / комуналниот редар во рок од 30 дена од сторување на прекршокот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

**Член 45**

(1) Надлежните општински инспектори по извршениот инспекциски надзор доколку забележат неправилности, донесуваат решение.

(2) Со решението се наредува на физичките и правните лица да извршат дејствија со цел отстранување на непраавилностите и одржувањето на комуналниот ред согласно одредбите на оваа одлука.

**Член 46**

(1) Против решението од членот 45 од оваа одлука може да се изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението до надлежен орган за одлучување во втор степен.

(2) Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

**Член 47**

Физичките и правните лица се должни на надлежните општински инспекции да овозможат несметано извршување на надзорот, а во начело пристап до просторите, објектите, земјиштето, апаратите и уредите, да дадат лични податоци и да пружат други потребни известувања за предметот.

## IV. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 48**

За непочитување на ова одлука ќе се применуваат казнените одредби:

- Комунална дејност: **Одржување на гробови, гробишта и давање погребални услуги** - казнените одредби од Законот за гробишта и погребални услуги;
- Комунална дејност: **Одржување на јавна чистота** - казнените одредби од Законот за Јавната чистота;
- Комунална дејност: **Закон за комуналните дејности** - казнените одредби од Законот за комуналните дејности; и
- Урбано зеленило - **Закон за урбано зеленило.**

**Член 49**

За останатите комунални дејности од оваа одлука се применуваат казнените одредби предвидени во член 41-а став (1) алинеја 3 за правно лице, член 41-а став (2) за одговорно лице во правно лице и член 42-а став (1) за физичко лице од Законот за комуналните дејности и тоа:

- Глоба од 1.500 до 3000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на правно лице;
- Глоба од 350 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за сторен прекршок на одговорно лице во правното лице;

- Глоба во износ од 50 евра во денарска противвредност ќе се изрече на физичко лице ако постапува спротивно на членовите 13, 14, 15, 23, 28, 29, 32, 33, 34, 35, 36, 37, 39, 40 и 41 од оваа одлука.

**Член 50**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за комунален ред во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.16/18).

**Член 51**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-6058/5**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ<br>ЗА ИЗМИРУВАЊЕ ОДНОСНО ПРЕНАСОЧУВАЊЕ<br>НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТСКАТА СМЕТКА<br>НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/4**<br>**од 2 јуни 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4, член 36 став (1) точка 15 и член 50 став (1) точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 4 став (6) и став (7) од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" бр.62/05, 137/06, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 151/21 и 12/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ И ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗМИРУВАЊЕ ОДНОСНО ПРЕНАСОЧУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ОД БУЏЕТСКАТА СМЕТКА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Со оваа одлука, а во случај на непочитување на договорените услови, се дава согласност и овластување на Градоначалникот на Општина Гази Баба за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр.2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија", како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија", ("Службен Весник на РСМ" бр.203/22) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на РСМ" бр.166/23), помеѓу Општина Гази Баба и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

### Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината - крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Гази Баба до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг ("Службен весник на РМ" бр.62/05, 137/06, 88/08, 35/11, 139/14, 165/14 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19, 151/21 и 12/25).

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6058/6**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-6323/5**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за Буџетите (Службен весник на РМ бр. 64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и Службен весник на РСМ бр. 151/21 и 3/25), Советот на Општина Гази Баба на 60 та седница одржана на 30.05.2025 донесе:

# О Д Л У К А

**за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА**

**за 2025 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина ГАЗИ БАБА за 2025 година на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | БУГЕТ | САМОФИН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Е00** | **ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА** | | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | -100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 421120 | Водовод и канализација | -900.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 427110 | Привремени вработувања | 1.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

Бр. 09-6058/7
30.05.2025

Претседател на Советот на Општината
**СаШо Кукески**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ "ИНСТИТУТ БАЛКАН ПРО ЕВРОПА СКОПЈЕ"

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/6**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЗДРУЖЕНИЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ "ИНСТИТУТ БАЛКАН ПРО ЕВРОПА СКОПЈЕ"**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба - приматеп на донацијата од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје" - давател на донацијата, прима донација на патничко моторно возило (ПМВ), со следните карактеристики:

| | |
|---|---|
| Марка: | МАЗДА |
| Тип: | 2 TNG |
| Производство: | 2008 година |
| Регистерски ознаки: | SK-805-RT |
| Моќност | 63 KW |
| Зафатнина | 1349 $cm^3$ |
| Број на шасија: | JMZDE141280135604. |

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 3**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6058/8**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНА НА
ШТЕТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ НА ПОДРАЧЈЕТО
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА
(НЕВРЕМЕ) НА 18.07.2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/7
од 2 јуни 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18 и "Службен весник на РСМ" бр.215/21), точка 14 од Методологијата за процена на штета од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РСМ" бр.181/21), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настанатата од природни непогоди и други несреќи ("Службен весник на РМ" бр.98/05, 152/10, 90/15 и "Службен весник на РСМ" бр.194/19), а во врска со член 3 став (1) точка 3 од Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.3/22, 14/23 и 17/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по збирниот извештај на комисијата за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настанати од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.08-6241/1 од 28.05.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНА НА ШТЕТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ КУЛТУРИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ОД ПРИРОДНА НЕПОГОДА (НЕВРЕМЕ) НА 18.07.2024 ГОДИНА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува збирниот извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природната непогода (невреме) на 18.07.2024 година, бр.08-6241/1 од 28.05.2025 година, изготвен од стручно лице (вештак и проценител од областа на земјоделството) и комисијата за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настанати од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

2. Примерок од овој заклучок и извештајот бр.08-6241/1 од 28.05.2025 година, да се достават до Влада на Република Македонија - Комисија за процена и утврдување на висината на штетата, настаната од природни непогоди и други несреќи, на понатамошно постапување и одлучување.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6058/9**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ВО ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "22 НОЕМВРИ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 мај 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-6323/8**
**од 2 јуни 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 9 став (8) а во врска со член 1 став (2) од Законот за установите ("Службен весник на РМ" бр.32/05, 120/05, 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр.99/22), член 22 став (1) точка 8, член 36 став (1) точка 15, член 41 став (3) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, бр.08-5962/1 од 20.05.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на шеесеттата седница одржана на 30 мај 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕИМЕНУВАЊЕ НА ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ВО ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ "22 НОЕМВРИ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општинското основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, се преименува во Општинско основно училиште "22 Ноември / 22 Nëntori", Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Се задолжува училишниот одбор да донесе соодветна Статутарна одлука за изменување на Статутот на училиштето и истата да ја достави на согласност до Министерство за образование и наука, по претходно добиено позитивно мислење од основачот - Општина Гази Баба - Скопје, преку советот на општината како надлежен орган.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Општинското основно училиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-6058/10**
**од 30 мај 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), Општина Гази Баба, решавајќи по барањето на инвеститорот **Блерим Реџепи** со адреса на ул.4 бр.19 Стајковци Скопје, врши

**ЈАВНА ОБЈАВА**

**на Известување за издадено Одобрение за градење со Бр.28-3/60-8-2025 од 18.02.2025 година**

Општина Гази Баба постапувајки по барањето на инвеститорот **Блерим Реџепи** со адреса на ул.4 бр.19 Стајковци Скопје, поднесено под **БР.28-3/4153-2024** од 04.11.2024 год, за издавање на одобрение за градење за објект со **намена А4.3 - Викенд куќа на КП 66/9 КО ИНЏИКОВО ВОН ГРАД, Општина Гази Баба**, по извршениот увид во планската документација со која располага како и по извршената оценка на доставените докази и прилози, издаде Одобрение за градење на ден 18.02.2025 година.

Овој орган во рок од три дена од денот на донесувањето на одобрението за градење ги известува непосредните соседи на градежната парцела за која се донесува одобрението, согласно чл.62-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23).

Се повикува следниот сосед или од него овластено лице, во рок од 7 (седум) дена од објавување на оваа јавна објава да се обратат до Општина Гази Баба, како би била извршена уредна достава на известувањето:

1. СЕЈФОВ ЕНВЕР со адреса во Љуботен.

Оваа јавна објава се смета за уредна достава и согласно член 84 став (6) од Законот за општата управна постапка, негативните последици кои можат да настанат од непостапувањето по истата ги сноси барателот.

**Бр.28-3/60-8-2025**
од 02.06.2025 година
Скопје

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање согласност на одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за првото тримесечје од 2025 година . . . . . . . . 2

**ОДЛУКА** за давање согласност на Предлог - Годишен план за изменување на Годишен план за вработување на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2025 година . . . . . . . . 4

**ОДЛУКА** за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на Општина Гази Баба . . . . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Гази Баба . . . . . . . . 20

**ОДЛУКА** за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година . . . . . . . . 22

**ОДЛУКА** за примање на донација од Здружение за унапредување на одржлив развој "Институт Балкан Про Европа Скопје" . . . . . . . . 24

**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештај за процена на штети на земјоделски култури на подрачјето на Општина Гази Баба, од природна непогода (невреме) на 18.07.2024 година . . . . . . . . 26

**ОДЛУКА** за преименување на Општинско основно училиште "25 Мај", Општина Гази Баба - Скопје, во Општинско основно училиште "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . 28

**ЈАВНА ОБЈАВА** . . . . . . . . 29



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 09/25**
**60 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци